ОКСЗД

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

COMMISSION ON PREVENTIO
AND PROTECTION AGAINS
DISCRIMINATIO

Архивски број: 0801-241 / 2

Датум: 9 . 9 . 2021 година

Постапувајќи по претставката бр. 0801-241/1 од 26.08.2021 година, поднесена од [redacted] од Кичево, против извршителката [redacted] од Гостивар, именувана за подрачје на основните судови Гостивар и Кичево, за извршена дискриминација по основ на неутврдена дискриминациска основа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр.258/2020) на 09.09.2021 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

### За отфрлање на претставката за заштита од дискриминација поради ненадлежност

### Образложение

На 26.08.2021 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] од Кичево против извршителката [redacted] од Гостивар, за извршена дискриминација по основ на *социјална дискриминација,* како што наведува подносителката.

Во претставката, подносителката се жали на постапувањето на извршителката и потенцира дека била дискриминирана и трпела притисоци и закани веќе неколку години поради непостоечки долг кон [redacted] Банка [redacted], за што веќе 7 години била блокирана нејзината трансакциска сметка со што била оставена без основна егзистенција за живот што ја нарушило нејзината здравствена состојба.

Од доставената документација од страна на подносителката , Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека се работи за случај по кој постапувал и Народниот правобранител, кој на подносителката ѝ дал правен совет и поука во врска со предметниот случај.

Согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр.258/20) *дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група* ***врз еднаква основа со други.***

Членот 5 од истиот закон ги дефинира дискриминаторските основи: *раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.*

Од горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација смета дека во овој случај не се работи за дискриминација туку за можни евентуални повреди на Законот за извршување, Законот за банки или некој друг закон.

*Согласно член 40, став 6 од Законот за општата управна постапка јавниот орган кој ќе утврди дека не е надлежен за работа по примен поднесок, а не може да утврди кој јавен орган е надлежен ќе донесе управен акт со кој ќе го отфрли поднесокот поради ненадлежност.*

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација своите надлежности ги црпи од Законот за спречување и заштита од дискриминација, па затоа одлучи да не постапува по претставката, како што е наведено во диспозитивот.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка

Весна Бендевска

Скопје, 09.09.2021

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Tel: +389 23232368 ; +389 23216892
www.kszd.mk contact@kszd.mk